


**Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција**:

# Референт во Дирекција Дигитално банкарство

## *Биди и ти дел од нашиот тим...*

**Квалификации:**

- Високо стручно образование;
- Работно искуство на иста или слична позиција од минимум 2 години;
- Одлични комуникациски вештини и меѓучовечки односи;
- Висока мотивираност за остварување на зададените цели и за стекнување на нови знаења;
- Способност за самостојно планирање, организирање и навремено исполнување на задачите;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Напредно познавање на MS Office.

## Работни активности:

- Обработува и прави анализа, изработка на предлог мислење за одобрување/одбивање на барање, скоринг, склучување договор, формирање досие и сл;
- Анализира референтни податоци на ниво на банка во врска со дигиталните процеси - плаќања преку веб и мобилни канали, клиентска база, средства за потпис, комуникациски канали итн.
- Дигитална комуникација со клиентите, периодично (дневно, неделно) и со вработените во контакт центарот и вработените во експозитурите на Банката во врска начинот на користење на дигиталните производи и услуги;
- Изработува извештаи до НБРСМ поврзани со работењето на Дирекцијата;
- Анализа на пазарот, производите и услугите со цел да се одржуваат ажурирани информации за конкурентната средина на локалниот пазар, како и на странските пазари;
- Анализа на финансиските резултати од работењето на дигиталното банкарство за зададените таргети.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.

Доколку сте комуникативни, одговорни, самоиницијативни и тимски ориентирани со желба за работа во динамична средина насочени кон остварување резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување и
- Спортски активности и настани за дружење.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk,**најдоцна до 23.05.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk